Бр./Nr 12-1935/2
15-11-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 10-та седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1935/1 од 16.07.2024 година, против ------ федерација на Северна Македонија (понатаму: АФСМ), **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи надлежен да постапува е друг орган.

Пријавата да се достави до Министерство за спорт на РСМ.

Предметот со 12-1935/1 од 16.07.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 16.07.2024 година, поднесена е пријава против ------ федерација на Северна Македонија (понатаму: ------ ). Во пријавата подносителот наведува дека пријавува корупција и незаконско вработување на ------ во ------ како јавен службеник на позицијата технички секретар. ------ не објавила конкурс за позицијата според Законот за вработени во јавниот сектор и истото лице било вработено со врски.

*Според член 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20):*

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

*(1) Работодавачи во јавниот сектор (во натамошниот текст: институции), согласно со овој закон, се:*

- *органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закон и*
- *институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Македонија или од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје.*

*(2) Вработени во јавниот сектор се лицата кои засновале работен однос кај некој од работодавачите од ставот (1) на овој член.*

*(3) Функционерите, односно лицата кои добиле мандат да извршуваат функција на претседателски, парламентарни или на локални избори, лицата кои добиле мандат да извршуваат функции во извршната или во судската власт преку избор или именување од Собранието на Република Македонија или од органите на локалната власт, како и други лица кои согласно со закон се избрани или именувани на функција од носителите на законодавната, извршната или судската власт, во смисла на овој закон, не се сметаат за вработени во јавниот сектор.*

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува бидејќи *според член 69 став 1 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 244/19, 53/24 и 74/24), надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.*
Ова од причина што согласно член 1 од Статутот на ------, ------ е самостоен и доброволен сојуз, односно федерација настаната со здружување на спортски здруженија и други правни лица кои негуваат атлетски спорт, и истата е регистрирана како правен субјект согласно Законот за спорт и Законот за здруженија и фондации и не претставува работодавач во смисла на член 2 од Законот за вработените во јавниот сектор, следствено на тоа за истата не важат прописите од горенаведениот закон.

Членовите на органите во ------ кои се надлежни за вработувања во федерацијата, не се службени лица во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, што ја прави ДКСК ненадлежна за постапување по предметната пријава. Со оглед на се погоренаведено, ДКСК предметот ќе го достави на нејзино понатамошно постапување на Министерството за спорт.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц. Член на ДКСК